Политика за приватност на податоците при користење на онлајн услугите на ПРО-ДИЗАЈН

**Предмет на Политиката за приватност**

Оваа политика се однесува на начинот на кој ПРО-ДИЗАЈН ги обработува личните и други податоци преку кои може да се изврши лична идентификација како што се име и презиме, назив на деловниот субјект, седиште, даночен број, телефонскиот број, адреса, e-mail адреса, кои инаку не се јавно достапни, вклучувајќи ги и информациите во врска со користење на производите и услугите на ПРО-ДИЗАЈН.

**Собирање на лични податоци**

ПРО-ДИЗАЈН ги собира и ги обработува лични податоци кога се регистрирате како корисник на неговите производи и услуги, кога се регистрирате онлајн на неговата веб страници како корисник на онлајн услугите, кога ја посетувате неговата веб страница, како и кога учествувате во промоции или наградни игри организирани од ПРО-ДИЗАЈН.

При регистрација за користење на онлајн услуги од ќе бидат побарани неопходните лични податоци, а соодветно на потребите и услугите ПРО-ДИЗАЈН може да побара и дополнителни податоци, се со цел да се изврши плаќање на услугите, достава на услугите и сл.

ПРО-ДИЗАЈН собира информации за трансакции со него и со неговите деловни партнери, вклучувајќи ги и информациите за плаќањето на производите и услугите кои ги нуди.

**Употреба, споделување и откривање на информации**

ПРО-ДИЗАЈН ги собира и ги обработува Вашите лични податоци за регистрирање на купувачи и продавачи на онлајн сервисот на ПРО-ДИЗАЈН, подобрување на услугите, наплата на услугите, директен маркетинг во вид на промотивни електронски писма со цел да Ве информира за други и нови производи или услуги на располагање од ПРО-ДИЗАЈН, при што го задржувате правото повратно да нѐ известите дека во иднина не сакате повеќе да добивате информации од ваков тип

ПРО-ДИЗАЈН може да праќа одредени задолжителни известувања и писма како што се писма за добредојде, информации за прашања за технички услуги и известувања за безбедност, електронски писма на Вашата e-mail адреса за известување во процесот на регистрација за одреден негов производ или услуга, и сл.

ПРО-ДИЗАЈН ги обработува лични податоци единствено за целите за кои се собрани по исклучива согласност корисниците на онлајн услугите и тие нема да се објавуваат,

продаваат или доставуваат на трета страна освен на надлежните органи на начин определен со законските прописи на Република Македонија.

**Користење на „колачиња“**

ПРО-ДИЗЈАЈН на својот веб сајт користи така наречени „колачиња“ за да можете ефикасно да ги користите услугите на ПРО-ДИЗАЈН.
Колачиња или „Cookies“е мал фајл со текст кој е ставен на вашиот „hard disk“ од страна на вашиот сервер на веб страницата. Колачињата содржат информации кои можат да бидат прочитани подоцна од веб серверот во доменот кој ви го издаваат „колачињата“. Колачињата не можат да се користат за работење со програми или пак да пренесат вируси на Вашиот компјутер.

**Контрола на Вашите e-mail кориснички сметки и Вашите информации**

Секој корисник на онлајн услугите може да врши промена на информациите од Account-и www.pro-dizajn.mk, како и да ги промените и прилагодувања за вршење на директен маркетинг во кое било време преку пристап до веб страницата.
ПРО-ДИЗЈАН го здржува правото да испраќа одредени известувања кои се поврзани со услугите на ПРО-ДИЗАЈН, како што се објави за услуги, административни пораки и информации и известувања кои се сметаат за дел од Вашите кориснички сметки, и за нив не се нуди можност да одберете да не Ви пристигнуваат.
За бришење на Вашите кориснички сметки во ПРО-ДИЗАЈН потребно е да се обратите **prodizajn@pro-dizajn.mk**

**Доверливост и безбедност**

ПРО-ДИЗАЈН согласно Законот за заштита на личните податоци ги има преземено сите потребни технички и организациски мерки за обезбедување на сигурност и тајност на лични податоци, со цел да ги заштитиме истите од неовластен пристап, неовластено откривање, неовластена обработка или злоупотреба.
Плаќањата преку интернет односно веб страницата се заштитени со користење на шифрирање и на сигурносни протоколи.